**Музичка редакција-** ***на ТПС на МРА ги реализираше наведените дневни и неделни проекти:***

| **Бр.** | **Име на ТВ Проект** | **Содржина** | **Емитување** |
|---|---|---|---|
| 32. | Ѕвездите и ритмичката музика | Нови хитови и песни, со најдобар ритам за љубителите на музиката | Емитување во живо секој работен ден од понеделник до петок. |
| 33. | **Носталгија на албанската музика** | Стари хитови од познати албански пејачи | Емитување во живо секој работен ден од понеделник до петок. |
| 34. | **Со доајените на народната музика** | | Емитување согласно Програмската шема |
| 35. | **Со доајените на забавната музика** | | Емитување согласно Програмската шема |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 36. | **Звуците на срцето** | Рубрика што носи познати песни од албанската евергрин музика, кои се слушани со љубов низ времето и остануваат омилени кај публиката. | Емитување во живо секој работен ден од понеделник до петок |
| 37. | **Од опусот на класичната музика** | Музичка емисија- што презентира познати дела од класичните композитори и нивните најпознати композиции | Емитување секоја сабота |
| 38. | **Евросонг 2025** | Избор за Песна на Евровизија 2025 Меѓународен музички фестивал | Меѓународна манифестација Директен пренос |

**МАКЕДОНСКО РАДИО**
**ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**
**Одговорен уредник: Во процедура на назначување**

Четвртиот програмски сервис е посветен на создавање и емитување програми наменети за помалите етнички заедници, со цел да обезбеди информативни, културни и забавни содржини кои ја одразуваат нивната посебност и разновидност. Програмата на турски јазик, која е интегрален дел од овој сервис, опфаќа широк спектар на емисии, вклучувајќи теми од областа на актуелното информирање, внатрешната и надворешната политика, образованието, науката, културата и уметноста, како и документарни и музичко-забавни содржини.

Програмската шема за 2025 година е извршена во целосна согласност со високите програмски стандарди на МРТ, при што се почитуваат сите законски обврски утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Овој пристап гарантира квалитет и релевантност на содржините, како и нивна достапност за сите слушатели од целната публика.

Вработените во Четвртиот програмски сервис работеа со исклучителна посветеност и координираност, насочувајќи ги своите напори кон континуирано унапредување на квалитетот на програмата, како и кон зголемување на интересот и слушаноста. Целите на програмата се во целосна хармонија со мандатот на Јавниот радиодифузен сервис и со законските одредби кои го регулираат работењето на МРТ, осигурувајќи дека секоја содржина ги одразува највисоките професионални и етички стандарди.

Содржините реализирани од Четвртиот програмски сервис ја следат современата динамика и реформската стратегија на МРТ, обезбедувајќи програма која е информативна, едукативна, културно вредна и забавна. Овој пристап ја истакнува посебноста на помалите етнички заедници, промовирајќи нивната култура и идентитет во рамките на јавниот медиумски сервис, со што се поттикнува дијалог, разбирање и зајакнување на општествената кохезија.

**ИНФОРМАТИВНО – ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА**

| | **Име на емисијата** | **Содржини** | **Емитување** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **1** | **ВЕСТИ** | Во живо,сопствено производство | Се емитува секој ден во 11:00 часот, со времетраење од 10 до 15 минути. |
| **2** | **Дневник– Дневни Настани** | Презентирање на најновите вести од земјата и светот, како и изјави и прилози, се изведува во живо со цел навремено и точно информирање на публиката. Живото продуцирање овозможува брза реакција на тековните настани и динамична медиумска услуга. | Се емитува секој ден во 14:00 часот – 25 минути |
| **3** | **Седум Дена во Собрание„** | Фокусирање на најважните теми од работата на Собранието обезбедува навремено и детално известување за клучните политички процеси и одлуки. | Емисијата се емитува секој петок во 11:45 часот, со времетраење од 10 до 15 минути. |
| **4** | **„Политички Смерници„** | Во емисијата се опфакаат политичките збиднувања во земјата– **сопствено произвоидство** | Емисијата се емитува секој понеделник во 11:45 часот, со времетраење од 30 до 50 минути.<br>Најчесто се реализира во живо. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | **“Од Светот на Верувањето”** | Емисијата е дискусионен формат посветен на религиозни теми, со акцент на теолошки размислувања и актуелни настани од религиозниот свет. | Емисијата се емитува секој четврток во 12:00 часот. Емисијата е контактна и најчесто се реализира во живо, со времетраење од 50 минути.<br>**Сопствено производство** |
| 6 | **Млад Микрофон** | Емисијата ги опфаќа актуелните теми поврзани со младите и се реализира во живо со гости во студио, овозможувајќи директна и интерактивна дискусија. | Се емитува секој петок во 12.00 часот<br>траење од 30 минути |
| 7 | **„ОТВОРЕН МИКРОФОН„** | Емисијата претставува дискусионен формат наменет за обработка на различни актуелни и значајни теми од општествениот, културниот, образовниот и други релевантни сектори. | Емисијата се емитува секоја сабота во 12:00 часот<br>траење -60 минути |

**КУЛТУРНО – ОБРАЗОВНА РЕДАКЦИЈА**

| | Име на емисијата | Содржина | Емитување |
|---|---|---|---|
| 8 | **„Образование воспитување и настава„** | Емисијата е фокусирана на актуелните теми од образовниот систем, како и на соработката помеѓу нашата земја и Република Турција во областа на | Емисијата се емитува секој вторник во 11:45 часот, со времетраење од 20 до 30 минути. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | образованието и воспитување. | |
| **9** | **„ Рака за рака„ детска емисија** | Детска емисија која опфаќа разговори со деца од основно образование | Емисијата се  емитува секоја сабота во 11:30 |
| **10** | **„ Примери од културното наслетство„** | Преку разговори емисијата ги промовира богатството и уникатноста на нашето културно наследство. Целта е да се подигне свеста за значењето на зачувувањето и пренесувањето на овие вредности на идните генерации. | Емисијата се емитува секоја среда во 11:45часот –15 минути. |
| **11** | **На денешен ден„** | Емисијата нуди преглед на значајни историски настани кои се случиле на денешен ден во различни периоди, со цел да ја збогати јавната свест и да го поттикне интересот за минатото. | Емисијата се емитува од понеделник до петок во 14:30 часот, со времетраење од 5 до 10 минути. |
| **12** | **Одек од цивилното општество** | Емисијата ги обработува актуелните теми поврзани со невладините организации и нивната соработка со Република Турција. | Емисијата се емитува секоја среда во 12:20 часот, со времетраење од 10 до 20 минути. |

**ЗАБАВНО МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА**

| | Име на емисијата | Содржина | емитување |
|---|---|---|---|
| **13** | **„Музика и разговори„** | 60 минутната контактна емисија ги опфака актуелните теми од областа на културата и уметноста | Емисијата се емитува секоја недела во 14:30 часот-60 минути |
| **14** | **„ ХУМОР и САТИРА„** | Во 60 минутна емисија во живо се емитуваат сопствени скечови . | Емисијата ке се емитува секоја недела од 12:30 до 13:30 часот – 60 минут |
| **15** | **Спорт, музика,- спорт** | Емисијата е преглед на најважните спортски настани кај нас и во светот. | Траење од 60 минути |
| **16** | **Музички желби** | Емисијата е контактна програма во која слушателите можат да испраќаат музички желби. Преку директна интеракција со слушателите, се овозможува избор и промоција на омилените песни и изведувачи. | Се емитува секој работен ден од 13:30 до 14:00 часот. |
| **17** | **ТОП 10** | Емисијата претставува контактна програма во која слушателите имаат можност да гласаат и да изберат „Песна на неделата“. Преку интерактивна комуникација со публиката, се промовираат | Емисијата се емитува секоја сабота во 14:30часот- со траење од 60 минути |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | различни музички жанрови и изведувачи. | |

Програмата на турски јазик, како и претходно, во текот на 2025 година континуирано ги следеше државните и меѓународните фестивали во Република Северна Македонија.

Во 2025 година, програмата успешно ги следеше локалните избори преку реализирање на емисии во живо, при што беа претставени активностите на политичките партии за време на изборниот процес.

Исто така, беа реализирани специјални емисии во живо по повод значајни датуми и манифестации, меѓу кои:

- 23 април – Меѓународен ден на детето
- 7 мај – Меѓународен фестивал „Хдрелез“ во Валандово, с. Чалакли
- 19 мај – Ден на младоста и Ден на Мустафа Кемал Ататурк
- Крајот на јули и почетокот на август – Фестивал на Турците од источна Македонија во Радовиш, с. Топлоница
- 21 декември – Ден на турската настава и образование во Републиката, прославуван на повеќе локации низ земјата

Во склоп на програмата се одбележуваат и верските празници Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам, со посебни емисии и активности.

## РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК

| | Име на емисија | Содржина | Емитување |
|---|---|---|---|
| **1** | ВЕСТИ и други содржини | Информативна | Се емитува секој ден од во 18:00 часот со траење од 30 минути |

## РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК

| | Име на емисија | Содржина | Емитување |
|---|---|---|---|
| **1** | ВЕСТИ и други содржини | Информативна | Се емитува секој ден од во 19:00 часот со траење од 30 минути |

**РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК**

| | Име на емисија | Содржина | Емитување |
|---|---|---|---|
| **1** | ВЕСТИ и други содржини | Информативна | Се емитува секој ден од во 19:30 часот со траење од 30 минути |

**РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК**

| | Име на емисија | Содржина | Емитување |
|---|---|---|---|
| **1** | ВЕСТИ и други содржини | Информативна | Се емитува секој ден од во 20:30 часот со траење од 30 минути |

**РАДИО ПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ И ПОСЕБНИ РАДИО ПРОГРАМИ – РАДИО МАКЕДОНИЈА**
**Одговорен уредник – Јошко Бошковски**

| НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ЕКСПЛИКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД СОДРЖИНИТЕ | ДОПОЛНИТЕЛНИ НАПОМЕНИ |
|---|---|---|
| **Програмски сервис Радио Македонија** | | |
| **I-** Програма за соседните земји и Европа на странски јазици (бугарски, грчки, албански, српски) | | |
| **1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА** | | |
| **Вести**<br>30 минути-целогодишна динамика - емисија на бугарски јазик | Се емитуваат во 20.00 | Снимена |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика – емисија на грчки јазик | Се емитуваат во 20.30 | Снимена |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика – емисија на албански јазик | Се емитуваат во 21.00 | Снимена |
| **Вести**<br>30 минути целогодишна динамика - емисија на српски јазик | Се емитуваат во 21.30 | Снимена |
| **2- РЕДАКЦИЈА ГЛАС ОД ТАТКОВИНАТА** | | |
| **наслов на содржините** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Глас од татковината** Емисија со соговорници на теми преку кои се афирмираат македонските вредности од сите области 210 минути, целогодишна динамика | | Снимено |
| **Глас од татковината** се емитува во понеделник | Афирмација на музичките, религиозните и успесите на младите автори и научници. Најголемиот дел од разговорите се истражувачки во смисол на историските корени на музиката и религијата. | Снимено |
| **Глас од татковината** се емитува во вторник | Гостуваат луѓето од областа на театарот, туризмот и спортот покрај афирмацијата на актуелните успеси водителот има обврска да ги истражува историските корени на македонскиот театар, археолошките вредности на Македонија и историјата на спортот. | Снимено |

| | | |
|---|---|---|
| **Глас од татковината** се емитува во среда | Ја истражуваме македонската литература каде што се поканувaат успешни автори и научници да зборуваат за вредностите на македонскиот јазик и неговите корени. | Снимено |
| **Глас од татковината** се емитува во четврток | Ги истражува корените на македонската филозофија, социологија и наука, со афирмација на актуелните постигнувања на македонските актери во овие дисциплини. | Снимено |
| **Глас од татковината** се емитува во петок | Викенд програма Реемитување – избор на најзначајните програмски содржини од изминатата недела | Снимено |
| **Глас од татковината** се емитува во сабота | Викенд програма Реемитување – избор на најзначајните програмски содржини од изминатата недела | снимено |
| **Радио Македонија** Се емитува во недела | Викенд програма Реемитување – избор на најзначајните програмски | снимено |

| | | |
|---|---|---|
| | содржини од изминатата недела | |

| САТЕЛИТСКА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | | | |
|---|---|---|---|
| **Програма 14 часа и 30 минути** целогодишна динамика | | | програмските содржини од Македонското Радио |

**Програмски совет на МРТ**

**-------------------------------**

**Давор Пашоски**

**Претседател**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

ЈРП МРТ
Скопје, февруари 2026 година

**ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА
# ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

**Скопје, Март 2026 година**

**Содржина**


1 ВОВЕД .......... 113
2 ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ .......... 115
3 ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ .......... 115
4 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ .......... 118
5 ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2025 ГОДИНА .......... 119
5.1 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ .......... 121
5.2 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТАВРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ..........
6 РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2025 ГОДИНА .......... 123
6.1 ПЛАНИРАНИ И ОСТАВРЕНИ РАСХОДИ .......... 123
6.2 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ .......... ВО 2025
6.3 Трошоци за вработените .......... 124
6.4 Патни и транспортни трошоци .......... 125
6.5 Заеднички трошоци .......... 128
6.6 Програмски права .......... 130
6.7 Останати трошоци од работење .......... 131
7 ИНВЕСТИЦИИ .......... 132
7.1 Инвестиции во опрема .......... 132
8 АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО .......... МРТ ЗА
9 ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ЗА 2025 ГОДИНА 137
9.1 ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП .......... МРТ ВО
10 СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ .......... 138
11 СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА .......... 139
11.1 Побарувања од купувачите во земјата .......... 139
11.2 Побарувања од купувачите во странство .......... 140
12 РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ - 31.12.2025 ГОДИНА.......... 141

# 1 ВОВЕД

Македонска радиотелевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во делот на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси како и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Програмата која се емитува на програмските сервиси на МРТ опфаќа емисии од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна, играна програма како и програма со музичко - забавни содржини наменети за сите националности и возрасни групи на население. Основната цел на ЈРП МРТ е да произведе и емитува квалитетни програмски содржини применувајќи притоа професионална етика и стандарди, да обезбеди објективно и веродостојно известување, односно да информира, едуцира и забавува, да создава програма која ќе обезбеди социјално единство и толеранција, да го поддржи развојот на демократските вредности, да ја зачува традицијата и националната култура но и да го зачува и популаризира литературниот македонски јазик како и јазиците на останатите националности кои живеат во Република Северна Македонија.

Во таа насока а согласно Финансискиот план се одвиваше и тековното работење во анализираната 2025 година односно, Македонската радио телевизија успешно ја реализираше својата дејност преку пет радио и осум телевизиски канали на македонски јазик, на албански јазик и на јазиците на немнозинските заедници во РСМ и тоа на турски, ромски, влашки, српски и бошњачки јазик. Имено, радио и ТВ програмата на македонски јазик се емитуваше преку три телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 1 – наменет за програма од сите области (информативна, едукативна, документарна програма, контактни, дебатни емисии, филмови и серии и слично), МТВ 3 наменет за забавно - музичка, културна и спортска програма и МТВ 5 наменет за детска програма како и на два радио програмски сервиси МРА 1 и МРА 2 кои емитуваат информативна, едукативна, документарна програма, контактни, дебатни емисии, култура, музика, спорт и друго.

На јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници, односно 24 часовна ТВ програма на албански јазик, програмата се емитуваше на телевизискиот програмски сервис МТВ 2, додека пак програмата на јазиците на етничките заедници (турски, ромски, влашки, српски и бошњачки) беше емитувана на МТВ 4. Радио програмата на албански јазик и на јазикот на етничките заедници во Македонија се емитуваше на радио програмскиот сервис МРА 3.

Што се однесува пак на информирањето на иселениците со цел зачувување на културните и историските традиции и унапредување на врските со македонските граѓани кои живеат во дијаспората, програмата која беше реализирана преку посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа и посебни радио програми за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти, се емитуваше на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и посебни радиопрограми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици.

Со емитување на програма со 24 часовно времетраење, МРТ обезбеди и најмалку еден радио и еден телевизиски програмски сервис, преку сателит и/или интернет преку сопствена мултимедијална видео платформа, наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

ЈРП МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот на Собранието на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработува Финаниски извештај за реализација на Финансискиот план за претходна година кој е дел од Годишниот извештај за работа за претходна година, а се изработува со цел да се прикаже финансиската состојба и резултатите од работењето во анализираната година. Истиот содржи податоци кои се усогласени со кадровската и сметководствената евиденција на МРТ како и со меѓународните сметководствени стандарди а ги презентира остварените приходи, расходи и финансиски резултат од работење како и организациона структура, состојба на вработени, обврски кон добавувачи и побарувања од купувачи.

## 2 ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Македонската радио телевизија има статус на јавно претпријатие чиј основач е Република Северна Македонија а работи на начин и услови утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Органи на управување во ЈРП МРТ се:

- Програмски совет – составен од 13 члена
- Надзорен одбор – составен од 7 члена
- Директор и заменик на директорот.

Согласно член 117 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Програмскиот совет на МРТ ги именува и разрешува Собранието на РСМ.
Согласно член 125 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Надзорниот одбор на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс.
Согласно член 130 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот и заменикот на директорот на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс и поднесена програма за работа на МРТ за период од три години со можност за повторен последователен избор.

## 3 ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ

Работата во јавното претпријатие Македонска радио телевизија се одвива според следната организациона структура:

- Директор и заменик на директорот
- Македонско радио
- Македонска телевизија
- Музичка продукција
- Заеднички функции



**Македонско радио**

- Директор на МРА
- Програмски служби
- Сектор за РА продукција
- Прв Програмски сервис
- Втор Програмски сервис
- Трет Програмски сервис
- Четврт Програмски сервис
- Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми

**Македонска телевизија**

- Директор на МТВ
- Програмски служби
- Сектор за ТВ продукција
- Сектор за ТВ техника
- Дописничка мрежа на МРТ
- Сектор за документација, анализа и истражување
- Прв Програмски сервис
- Втор Програмски сервис
- Трет Програмски сервис
- Четврт Програмски сервис
- Петти Програмски сервис
- Сателитски сервис на МТВ 1
- Сателитски сервис на МТВ 2
- Собраниски сервис на МРТ




## 4 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2025 год. изнесува вкупно 587 лица, што е помалку за 43 лица или 6.8 % во однос на состојбата на 31.12.2024 година.

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ**

| состојба на | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2024 | 2 | 45 | 293 | 6 | 274 | 9 | 1 | 630 | |
| | | | | | | | | | |
| 31.12.2025 | 2 | 42 | 279 | 5 | 252 | 6 | 1 | 587 | -43 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| структура 31.12.2025г. (%) | 0.3 | 7.2 | 47.5 | 0.9 | 42.9 | 1.0 | 0.2 | 100.0 | -6.8 |

**СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ**

| состојба на | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | хрвати | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2024 | 419 | 150 | 25 | 17 | 6 | 6 | 4 | 2 | 1 | 630 | |
| | | | | | | | | | | | |
| 31.12.2025 | 386 | 144 | 23 | 17 | 6 | 6 | 4 | 1 | 0 | 587 | -43 |
| структура 31.12.2025г.(%) | 65.8 | 24.5 | 3.9 | 2.9 | 1.0 | 1.0 | 0.7 | 0.2 | 0.0 | 100.0 | -6.8 |

Во 2025 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.

Со стекнување на правото на пензионирање од МРТ заминати се 35 лица и тоа: 1 Раководител на одделение со ССС и 1 Раководител на одделение со ВСС, 3 Уредници на редакција со ВСС, 10 Новинари со ВСС, 1 Оператор на програма со ССС, 1 Уредник на програма со ВСС, 1 Реализатор на програма со ССС, 1 Референт со ВС и 1 Референт со ССС, 2 Сниматели камермани со ССС, 2 Стручни соработници со ВСС, 5 Техничари со ССС, 1 Снимател на тон со ССС, 2 Мајстори на тон со ССС, 1 Возач со ССС, 1 Секретар/асистент на режија со КВ и 1 Манипулативен работник со КВ.

На две лица, Лектор со ВСС и Новинар со ССС им е раскинат Договорот за вработување со отказ со отказен рок по нивно барање а еден вработен - Снимател камерман е заминат со спогодбено раскинување на Договорот за вработување.

Еден Новинар со ВСС е вратен на работа поради завршување на периодот на мирување на работното место а на еден Новинар со ВСС работното место му е во ставено мирување поради вршење на државна функција.

Пет лица - 1 Магистер - Раководител на Сектор, 1 Одговорен уредник на Програмски сервис, 1 Новинар и 2 Техничари се починати.

# 5 ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2025 ГОДИНА

Финансирањето на радиодифузната дејност а со тоа и тековното работење на ЈРП МРТ е регулирано со Законот за ААВМУ и согласно истиот, средствата за финансирање на радиодифузната дејност за работење и развој на Македонска радио телевизија, Јавното

претпријатие Национална радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Почнувајќи од 2018 година, по укинување на наплатата на радиодифузна такса, Законот за ААВМУ се менува и тоа токму во делот за финансирање на радиодифузна дејност, најпрвин (сл.весник 248/18) кога за оваа намена треба да се издвојуваат 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот, а подоцна и (сл.весник 154/23) кога овие 1% се издвојуваат од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, цитиран текст:

**Член 105**

- **„став (1)** Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.
- **став (2)** Средства од ставот 1 се распоредуваат на следниов начин:
- - 80% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- - 15% за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- - 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. “

Оттука всушност потекнува и начинот на пресметка на износот кој МРТ треба да го добие од државата на годишно ниво а основата за пресметување и утврдување на годишниот износ за финансирање на радиодифузна дејност, како планирана ставка во делот на приходи во Финансискиот план за наредна година, ЈРП МРТ ја добива согласно горенаведените законски одредби.

## 5.1 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Вкупната реализација на приходите изнесува 1.214.148.307 денари или 91,2% во однос на планираните средства, додека пак поединечно по видови на приходи остварувањето е следно:

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (сл.весник 132/17) основен извор на финансирање на тековното работење се средствата за финансирање на радиодифузна дејност кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ. Овие средства се основа за покривање на трошоците од севкупното работење на МРТ и тоа: за финансирање на РА и ТВ програмските сервиси, Собранискиот канал и посебните програми, за сервисирање на обврските создадени по основ на набавка, создавање и емитување на програма - филмска, спортска, забавна, играно документарна и останата програма. Понатаму, средствата се наменети и за одржување на објектите и постоечката опрема како и за набавка на нова опрема неопходна за непречено одвивање на работењето, набавка на стоки и услуги, работи, за исплата на бруто плати и останати трошоци за вработените и слично. Како што и погоре беше кажано, за висината на износот на средствата за финасирање на радиодифузната дејност ЈРП МРТ беше писмено известена од страна на Министерството за дигитална трансформаија и иститe, по усогласување со одредбите во Законот за ААВМУ, беа утврдени на износ од 1.261.864.000 денари. Меѓутоа подоцна, со Ребаланс на Буџетот на РСМ за 2025 година, овој износ беше намален за 80.000.000 денари по што, вкупното остварување на приход кој МРТ го доби по овој основ во анализираната 2025 година изнесува 1.181.864.004 денари. Во врска со овој приход, од големо значење за МРТ е повторно да се укаже на фактот дека измената и дополнувањето на Законот за ААВМУ во текот на 2023 година или поточно во месец Јули 2023 година, токму во делот за финансирање на радиодифузната дејност, со која наместо 1% од вкупните остварени приходи на државно ниво, радиодифузната дејност се финансира со 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, создава можност за едно стабилно финансирање кое во иднина би придонело за непречена реализација на планираните активности односно, тековно, годишно да се реализираат поголем дел од подолго планираните активности во врска со набавка, производство и емитување на програма како и набавка на нова опрема и реконструкција и одржување на постоечката. Во таа насока, основа за непречено редовно работење на МРТ како јавен сервис и исполнување на основната дејност - производство и емитување на програма е почитување на Законот за ААВМУ од страна на надлежните институции и финансирање согласно законските одредби.

Во своето тековно работење, МРТ се финансира и со приходи остварени по основ на продажба на рекламно време во рамки на емитување на настани и манифестации од сите

области, забавни, кутурни особено спортски. Приходот по овој основ е остварен во вкупен износ од 16.923.443 денари. Тука треба да се напомене дека особено е значаен буџетот со кој располага МРТ во секоја тековна година бидејќи од него зависи можноста за набавка на актуелните програмски содржини во рамки на чие емитување потоа би се емитувале реклами.

Приходот по основ на изнајмување на деловен простор/закупнини изнесува 269.313 денари, по основ на донации во опрема остварени се 305.587 денари, а по основ на наплатени средства како резултат на судски одлуки донесени во корист на МРТ остварувањето изнесува 117.693 денари.

По основ на технички и други услуги во странство како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 2.700.723 денари или 28,43% во однос на вкупно планираните приходи во 2025 година за овие намени.

Останати деловни приходи е ставка која опфаќа приход по основ на камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи остварени во анализираниот период но по основ на склучени договори во минати години, вредносно усогласување по основ на побарувања од РДТ и слично. Во 2025 година оваа ставка бележи вкупна реализација во износ од 11.907.544 денари.

## 5.2 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТАВРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ВО 2025 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи во 2024г. | Планирани приходи во 2025г. | Остварени приходи во 2025г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура (кол.4) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност, приход од Буџет на РСМ | 1,140,538,613 | 1,181,864,000 | 1,181,864,004 | 103.6 | 100.0 | 97.3 |
| Средства за постигнување повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ, приход од МДТ - Буџет на РСМ | 97,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи по основ на финансирање на радиодифузна дејност - Вонсудска спогодба со Министерство за дигитална трансформација | 80,000,000 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Закупнини | 269,486 | 500,000 | 269,313 | 99.9 | 53.9 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 2,069,256 | 5,500,000 | 2,106,220 | 101.8 | 38.3 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички и останати услуги и сл.) | 1,123 | 4,000,000 | 594,503 | - | 14.9 | 0.0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски и побарувања, приходи од минати години и сл.) | 11,315,906 | 39,000,000 | 11,907,544 | 105.2 | 30.5 | 1.0 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 6,270 | 1,000,000 | 177,693 | 2,834.0 | 17.8 | 0.0 |
| Приход од продажба на рекламно време (маркетинг) | 34,039,636 | 65,000,000 | 16,923,443 | 49.7 | 26.0 | 1.4 |
| Приход од продажба на програма (отстапени права) и реемитување во земјата и странство, приходи од донации и сл. | 305,587 | 35,000,000 | 305,587 | 100.0 | 0.9 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **1,365,545,877** | **1,331,864,000** | **1,214,148,307** | **88.9** | **91.2** | **100.0** |

# 6 РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2025 ГОДИНА

## 6.1 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во рамки на тековното работење на МРТ во анализираната 2025 година успешно беа реализирани сите планирани програмски и останати активности. Во ниту еден момент не беше нарушена програмската шема ниту пак беше нарушено исполнувањето на законските обврски кои МРТ ги има како јавен радиодифузен сервис а кои преку набавка, производството и емитување на програмата се насочени кон исполнување/задоволување на потребите на гледачите и слушателите од сите возрасти. Оттука, тековното работење на ЈРП МРТ во анализираната 2025 година заврши со расходи реализирани во вкупен износ од 1.247.101.149 денари. Ова остварување е во рамки на планираните износи со годишниот Финансиски план за 2025 година, а од аспект на процентите на реализација сите групи на трошоци се остварени во рамки на планираните износи и тоа: реализација од 99,1% во однос на планот има кај групата Трошоци за вработените, 72,5% кај Патни и транспортни трошоци, потоа 87,6% во групата на Заеднички трошоци, 95,7% во групата Програмски права и реализација од 73,7% бележи групата на Останати трошоци од работење.

## 6.2 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2025 ГОДИНА ПО ГРУПИ НА ТРОШОЦИ

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување во 2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 589,573,004 | 659,100,000 | 653,388,134 | 110.8 | 99.1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Патни и транспортни трошоци | 8,580,695 | 11,750,000 | 8,514,986 | 99.2 | 72.5 |
| Заеднички трошоци | 150,168,987 | 157,240,000 | 137,710,193 | 91.7 | 87.6 |
| Програмски права | 445,165,607 | 403,726,000 | 386,339,583 | 86.8 | 95.7 |
| Останати трошоци од работење | 73,036,022 | 82,920,000 | 61,148,253 | 83.7 | 73.7 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **1,266,524,315** | **1,314,736,000** | **1,247,101,149** | **98.5** | **94.9** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 22,057,287 | 17,128,000 | 1,912,225 | 8.7 | 11.2 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **22,057,287** | **17,128,000** | **1,912,225** | **8.7** | **11.2** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **1,288,581,602** | **1,331,864,000** | **1,249,013,374** | **96.9** | **93.8** |

## 6.3 Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 653,388,134 денари или 99,1% во однос на средствата планирани за оваа намена. Во неа се опфатени трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 626.543.657 денари а кои се пресметуваат согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ и согласно Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените во МРТ а кои произлегуваат од работниот однос. Споредбено со остварувањето во 2024 година, трошоците за бруто плати во 2025 година бележат повисоко остварување кое се должи на усогласувањето на платите на вработените во МРТ со минималната плата на ниво на држава кое е извршено во месец Август 2024 година како и усогласување од 10% согласно член 14 став 1 од Општиот Колективниот договор за јавниот сектор. Во оваа група на трошоци спаѓаат и трошоците за отпремнина исплатена на вработените кои во 2025 година оствариле право на пензија во вкупен износ од 2.988.812 денари, трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 18.442.740, денари обврска која произлегува од Колективниот договор на МРТ. Понатаму, тука се и трошоците за други лични примања или останати надоместоци на вработените остварени во вкупен износ од 1.332.923 денари каде спаѓаат трошоците за помош на вработените исплатени по разни основи (помош во случај на смрт, елементарни непогоди, боледување подолго од 6 месеци и сл.), јубилејни награди за вработените кои оствариле работен стаж во МРТ од 10, 20, 30 или 40 години во износ од 4.000.223 денари како и

трошоците за здравствени прегледи во износ од 23.333 денари и трошоците за едукација (обуки на вработените, семинари и сл.) остварени во износ од 56.446 денари.
Просечната плата по работник во 2025 година изнесува 55.404 денари.

## 6.4 Патни и транспортни трошоци

Во анализираната 2025 година патувањата на екипите на МРТ во земјата и надвор од неа бележат остварување во вкупен износ од 8.514.986 денари. Во рамки на ова остварување беа реализирани планираните и тековни активности во врска со снимање на емисии од најразлични жанрови и области како и присуство на најразлични средби и саеми за програмски цели како во земјата така и надвор од неа. Трошоците за патувања на екипите на МРТ во земјата опфаќаат реализација на пренос и емитување на разни спортски натпревари, пренос и емитување на културни настани, фестивали, концерти и слично како на пример Охридско лето, прослава на годишнина од Илинденското востание во Крушево и Пелинце, Охридски маратон, Струшки вечери на поезијата, Денови на влашка култура, филмски фестивал Браќа Манаки во Битола, пренос на фестивали како Песна ечи – Струга, детски фестивал Поточиња во Штип, фестивал на ромски јазик во Куманово, фестивал на забавна музика во Охрид како и емитување на разни натпревари од областа на спортот и останати информативни, образовни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на програмските сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата.
Реализацијата пак на патните трошоци надвор од земјата се однесува на патувања на екипите на МРТ за:

- Откуп, снимање и емитување на културна, филмска и останата програма во: Њујорк – присуство на Palm Spring - меѓународен филмски фестивал, Света гора - репортажа за Света Гора (пренесување на чудотворната икона на Света Богородица Скоропослушница), Маглај - следење на младинскиот музички фестивал Студентско Лето 2025, Сараево – присуство на Сараево филм фестивал, Нови Сад - снимање на Тамбурица фест со колеги од РТ Војводина на кој учествуваа Нино Величковски и Боби Амадеус од РСМ, Златибор - снимање прилози за Златибор и Тара и јавувања во живо во рамките на утринската програма на МРТ, Мастрихт- гостување на балетот при МОБ во Холандија, Сараево – присуство на Регионална конференција за умрежување на бошњачките организации со акцент на женскиот активизам на Балканот каде ќе се одбележат 30 години од Дејтонската спогодба со која е завршена војната во БиХ и осврт на состојбата на бошњаците во регионот три децении по него, Виена – гостување на НУ Филхармонија на РСМ, Истанбул –

присуство на симпозиум кој се организира по повод празникот "8 декември" - денот на Свети Климент Охридски и каде одговорниот Уредник на Програмскиот сервис МТВ 4 - програма на јазиците на етничките заедници (турски, ромски, влашки, српски и бошњачки) ќе одржи говор на тема “Односите помеѓу Р. Турција и Р. Македонија” и на кој ќе учествуваат претставници од медиуми од двете земји, Тбилиси – извествање од одржувањето на Јуниорски Евросонг, Гент - известување за потребите на емисијата Македонија наутро, Дневно-информативна програма, за потребите на културната програма Наш Подиум и подготовка на репортажа од празничната турнеја на националниот балет при МОБ, Анталија- снимање репортажа за Ривиера на Анталија, посета на гробот и црквата Св Никола, Стариот град и слично,

- Во функција на реализирање на позначајните програмски активности од обласста на спортот во анализираниот период се оствариjа следните службени патувања надвор од земјата: Солун и Ла Валета – водење разговори во врска со откуп на лиценци за емитување на спортски настани, Вараждин - известување од Светското првенство во ракомет, Вадуз – коментирање на фудбалскиот натпревар помеѓу Лихтенштајн и Македонија во рамки на УЕФА квалификациите за Светското првенство во фудбал кое треба да се одржи во 2026 година, Белград - присуство на работен состанок со Арена спорт, Астана - известување и коментирање на преносот од фудбалскиот натпревар Казахстан - Македонија од УЕФА Квалификациите за Светско првенство 2026, Загреб - известување од подготовките на ФК Вардар, Лозана - известување од натпреварот Лозана-Вардар во второто квалификациско коло во Лигата на конференции на УЕФА, Прага - известување од пријателскиот натпревар на македонската машка "А" селекција против Саудиска Арабија, Кардиф - известување и коментирање од квалификациски натпревар на нашата "А" Фудбалска селекција: Велс-Македонија, Гант - известување и коментирање од одржувањето на квалификациски натпревар на нашата А фудбалска селекција: Белгија-Македонија и слично,
- Во рамки на останатите патувања поврзани со тековното работење на МРТ би ги спомeнале и следните настани: Вараждин – учество на разговори за соработка помеѓу МРТ и ХРТ и посета на дописниот центар на ХРТ Чаковец – Вараждин, Дизелдорф- присуство на состанок за виртуелна и проширена реалност, Приштина – известување од парламентарните избори во Косово, Белград - увид во објект на дописен центар на МРТ, Солун – учество на состанок на претставници на канцелариите за меѓународна соработка на јавните сервиси од регионот членки на ЕБУ, Белград – известување од протестите, Брисел - студиска посета фокусирана на процесот на европското проширување и увид во работата на актуелното

раководство на Европската Унија, Париз - присуство на Радио асамблеја организирана од Европска радиодифузна унија, Белград - известување од митингот најавен за 12.04.2025 година, присуство на работен состанок со Телеком Србија, Милано - присуство на презентација на репортажни возила, Осака - известување од Саем на технолошки достигнувања ЕКСПО 2025, Лептокарија – присуство на обука во областа од јавните набавки организирана од Primal CPD & Primal Educational Center Скопје, Сараево - посета на јавниот сервис БХРТВ, Тирана - учество на обука Напредни професионални вештини - клуч за успешна јавна администрација, Истанбул - посета на Турска радио телевизија, Барселона - присуство на годишна конференција на CIRCOM REGIONAL и PRIX-CIRCOM, Софија - присуство на работен состанок во Бугарската национална телевизија, Улцињ - учество на регионален семинар за геополитика и безбедност, Тиват - средба со менаџерскиот тим на Радиотелевизијата Црна Гора, Билбао - Учество на синдикални претставници од Јавните сервиси од Европа на тема - Овозможување на здрави работни места во ерата на дигитализацијата, Ница - средба со потенцијални копродуценти за филмот Тоше Проески, Амстердам - посета на IBC broadcast equipment show 2025- Саем на професионална ТВ опрема IBC 2025, Милано - присусрво на Word Business Forum Milan 2025, Софија – присуство на Public Broadcasting International во организација на Бугарското национално радио, Женева - присуство на Генерално собрание на Европската радиодифузна унија,

Во рамки на патувањата во странство се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ и тоа во Тел Авив - следење и известување од средбите со претставници на властите на Израел, на покана на Владата и Министерството за надворешни работи на Израел и учество на меѓународни професионални симпозиуми за еврејската заедница и врските на земјава со Израел што се одржа во период од 04-12.12.2025 година, Вашингтон - известување од работната посета на Владината делегација предводена од Претседателот на Владата на Христијан Мицкоски на САД и од инаугарацијата на новоизбраниот Претседател на САД, Баку, Тирана, Софија - известување од официјалната посета на Претседателката Гордана Силјановска Давкова, Лондон - известување од официјалната посета на Владината делегација предводена од заменик-Премиерот и Министер за Транспорт и врски Александар Николоски на Обединетото Кралство, Париз - известување од посетата на Потпретседателот на Владата Александар Николовски на Франција, Хаг - известување од посетата и присуството на претседателката Гордана Силјановска Давкова на НАТО самитот, Подградец - известување од настанот Македонско културно лето на кој присуствуваа министрите Муцунски, Тошковски и Љутков, Атина - известување од посетата на Министерот за надворешни

работи и трговија Тимчо Муцунски, Осака - известување од ЕКСПО 2025 каде висока владина делегација предводена од министрите Златко Перински и Весна Јаневска присуствуваше на Експо 2025, Њујорк - известување од посетата на Претседателката Гордана Силјановска Давкова на Годишно собрание на ОН и состаноци со бизнис заедницата и македонската дијаспора, Лондон - известување од посетата на Претседалот на Владата Христијан Мицкоски на самитот Берлински процес кој се одржува во Лондон, Брисел - Известување од Самит ЕУ-Западен Балкан на кој ќе учествува владина делегација предводена од Претседателот на Владата Христијан Мицковски, Ѓуешево - Потпишување на Договор за подготовка, изградба и оперативност на меѓународниот железнички тунел на Коридор 8, Брисел -известување од работната посета на Заменик-Претседателот на владата и министер за транспорт Александар Николовски.

## 6.5 Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во 2025 година бележи остварување во вкупен износ од 137.710.193 денари кое е во рамките на планираниот износ и согласно Финансискиот план. Во оваа група спаѓаат следните видови на трошоци:

- трошоци за суровини и материјали во кои спаѓаат трошоци за електричен и технички материјал (трошоци за набавка на разни видови резервни делови, електроматеријали, компјутерски резервни делови и сл.) како и материјал за поправка и одржување на опремата во радио и ТВ продукција и во останатите одделенија во МРТ со вкупен остварен износ од 863.578 денари,
- трошоци за останати материјали (канцелариски материјал, печатарски услуги, материјал за возен парк, заштитна облека и обувки за вработените и сл.) со остварување во вкупен исност од 560.848 денари,
- трошоци за енергија кои ги опфаќаат трошоците за електрична, топлотна енергија и гориво имаат вкупен износ на реализација од 38.586.761 денар и истиот е во рамки на планираните средства за оваа намена,
- трошоци за набавка на ситен инвентар и авто гуми (резервни делови и мерни инструменти за одржување и сервисирање, компјутери, ПП апарати и слично) во износ од 746.867 денари,
- трошоците кои опфаќаат фиксна и мобилна телефонија, интернет услуги и поштарина, остварени се во вкупен износ од 3.670.224 денари, што е во рамките на планираните износи за 2025 година,
- за аудио и видео линии (унилатерали, мултилатерали и сл.) кои се неопходни за известување од сите значајни настани од областа на спортот но и преноси од други

настани кои се од програмски интерес и во насока на задоволување на потребите и очекувањата на гледачите и слушателите на МРТ потрошени се средства во износ од 4.662.510 денари,

- трошоците за агенциски услуги за обезбедување на објектите во МРТ и трошоците за одржување на хигиена во просториите на МРТ кои бележат реализација во вкупен износ од 10.103.762 денари,
- трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти (набавка на резервни делови и услуги за одржување на опремата и објектите во насока на непречено одвивање на работните процеси) се реализирани во вкупен износ од 5.701.044 денари,
- за одржување на ВЕБ страната на МРТ реализирани се трошоци во износ од 997.651 денар што исто така е остварување во рамки на планираното за оваа намена, а за одржување на возниот парк на МРТ реализирани се средства во износ од 355.061 денар,
- комуналните услуги во кои спаѓаат трошоците за вода, ѓубретарина, дератизација, дезинсекција и дезинфекција остварени се во висина од вкупно 6.147.731 денар и нивната реализација е во рамки на вкупно планираните средства за таа намена,
- групата останати услуги од работењето која ги опфаќа трошоците за објава на огласи и конкурси, шпедитерски услуги, трошоци за противпожарни услуги како и трошоците за технички преглед и регистрација на возилата на МРТ остварени се во вкупен износ од 613.493 денари,
- амортизацијата на основните средства е пресметана во износ од 32.471.400 денари, остварување кое се пресметува на опремата која е во употреба како и од активирање, односно ставање во употреба на новонабавената опрема потребна за непречено одвивање на процесот на производство и емитување на програма,
- трошоците за вредносно усогласување – обезвреднување на тековни и нетековни средства, градежни објекти и отпис на побарувања од купувачите бележат реализација во износ од 743.769 денари,
- трошоците за репрезентација се реализирани во износ од 1.135.444 денари,
- трошоците за осигурување на имот и возила на МРТ (осигурување на новонабавената и постоечката опрема, возила, патнички осигурувања и сл.) се остварени во вкупен износ од 1.698.061 денар,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 554.477 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство, а по основ на плаќање на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично,

- за надоместоци на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет евидентирано е остварување во износ од 9.389.386 денари кое се пресметува и исплатува согласно Законот за ААВМУ,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство/ задржан данок и сл.) бележат остварување во износ од 7.014.470 денари кое пред се произлегува од платени фактури по основ на договори склучени со странски комитенти за откуп на права за емитување на спортска програма, филмови и серии и останати видови соработка, додека пак судските трошоци и административните такси се реализирани во износ од 156.861 денар,
- дополнително утврдените расходи од минат период се остварени во износ од 1.479.767 денари, кој произлегува од пристигнати фактури во текот на 2025 година од комитенти во земјата и странство а кои се однесуваат на трошоци реализирани во претходни години,
- трошоците за камати од работење и негативните курсни разлики изнесуваат вкупно 9.265.841 денар.

## 6.6 Програмски права

Во делот на програмски содржини, односно производство на сопствена програма, копродукциски проекти како и откуп на готови програмски проекти или лиценци за емитување на позначајни настани, МРТ континуирано ја одржува програмската шема на завидно ниво не отстапувајќи притоа од законските одредби и во таа насока по овој основ беа реализирани трошоци во вкупен износ од 386.339.583 денари од кои:

- За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани како Светски куп во биатлон, алпско и нордиско скијање, UEFA Европско првенство во фудбал-жени, Светско првенство во водени спортови, фудбалски натпревари, уметничко лизгање и слично фактурираната реализација на трошоци во анализираниот период изнесува 45.110.604 денари,
- Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 24.887.057 денари и таа опфаќа фактурирана реализација за откуп на права за пренос на Виенски концерт и Евросонг 2025, лиценцирани вести од интернет, потоа откуп на права за емитување на најразлични емисии за сите програмски сервиси на кои се емитува ТВ програмата (детски, едукативни, документарни), откуп на ТВ права за емитување на доделување на филмските награди Оскар, ТВ проектите со наслов Избери паметно, Културен пулс, Гео минути, Го сознаваме светот, Кратки квиз прашања, Минути за Македонија, Спортски факти, квиз

емисија за деца со наслов Мислотека и други емисии за деца различни по видови и жанрови,

- Трошоците за реализација на копродукциски проекти изнесуваат 250.399.352 денари и опфаќаат договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, забавно-контактни емисии, детски емисии, народни приказни на албански јазик, ТВ проектите како Агенда 35, Приказна – различни видови приказни, Објектив – дебатна емисија, емисии за деца како Буквождер, Се за деца, Тинејџерски камп, играно шоу со наслов Тинтири минтири, новогодишна програма, емисии од областа на истражувачко новинарство, ТВ проект со наслов 360 Степени, ТВ проект со наслов Авантури низ знаењето, ТВ проект – Јавниот сервис како гарант за демократија и социјална кохезија, ТВ проект со наслов Лесно, брзо здраво на македонски, албански, српски, ромски, босански, влашки и турски јазик, ТВ проектите со наслов Македонски олимпијци, Македонската кинематографија и ѕвездите кои ја обликуваа, Мајсторите на македонската уметност, Животна приказна, Книжевна одисеја, Трафика, ТВ серијал со наслов Црвенокорест, ТВ серијал со наслов Кон височините - создавање на македонски ракометни, кошаркарски и одбојкарски ѕвезди, Ток шоу Жиле (Т), забавна емисија со наслов Низ град со Кики, копродукција на концертот на групата Меморија, Радио проект со наслов Домашна работа како и изработка на други аудиовизуелни содржини за потребите на ТВ програмските сервиси.
- За откуп на лиценцни права за емитување на филмови, серии, детски анимирани серии и документарни емисии од најразлични жанрови на ТВ програмските сервиси на МРТ, реализирани се трошоци во износ од 65.442.038 денари а за надомест за фестивали - лиценца за учество Јуниорски Евросонг реализирани се 500.532 денари.

## 6.7 Останати трошоци од работење

Групата Останати трошоци од работење е остварена во вкупен износ од 61.148.253 денари и во рамките на оваа група спаѓаат следните видови на трошоци:

- Трошоците за авторски договори се реализирани во износ од 30.958.014 денари а опфаќаат договори за програмски цели кои се склучени со надворешни соработници за потребите на редакциите и програмските сервиси во МРТ, како во делот на производство и емитување на програма така и за потрбите на останатите служби во куќата,
- трошоци за технички услуги кои се остварени во износ од 1.185.551 денар, а се однесуваат на трошоци за коментаторски позиции за сите спортски натпревари, унилатерали, ISDN линии, технички трошоци за сигнали во живо и слично,

- трошоците реализирани во врска со организацијата за учество на македонскиот тим и претставување на РСМ на јуниорски Евросонг 2025 година заедно со трошоците за пренос и на Евросонг 2025 година изнесуваат 1.644.382 денари,
- за ревизија на финансиските извештаи реализирани се трошоци во износ од 835.440 денари а за адвокатски услуги трошоците изнесуваат 401.879 денари,
- трошоците кои произлегуваат од членувањето на МРТ во меѓународните радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично изнесуваат 15.106.443 денари, потоа трошоците за мало авторско право ЗАМП реализирани се во износ од 4.896.399 денари како и трошоците во износ од 5.872.891 денар кои, согласно Законот за филмска дејност, МРТ е должна да и ги исплати на Агенцијата за филм на РСМ.

# 7 ИНВЕСТИЦИИ

## 7.1 Инвестиции во опрема

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема во 2025 година фактурираната реализација изнесува 1.912.225 денари а се однесува на набавена аудио и видео опрема и тоа: компјутери, видео картички за снимање, стативи за камери, хибридни кабли за камерни ланци, надградба на софтвер за уред за снимање и слично.

# 8 АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО МРТ ЗА 2025 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2024г. | Финансиски план 2025г | Остварување во 2025г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 564,880,280 | 630,000,000 | 626,543,657 | 110.9 | 99.5 |
| Отпремнина за одење во пензија | 2,011,042 | 3,000,000 | 2,988,812 | 148.6 | 99.6 |
| Регрес за годишен одмор | 17,776,325 | 18,450,000 | 18,442,740 | 103.7 | 100.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт,подолго боледување и сл.) | 1,403,471 | 1,700,000 | 1,332,923 | 95.0 | 78.4 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 2,543,128 | 5,000,000 | 4,000,223 | 157.3 | 80.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 634,254 | 650,000 | 23,333 | 0.0 | 3.6 |
| Трошоци за едукација | 324,504 | 300,000 | 56,446 | 17.4 | 18.8 |
| **Вкупно 1** | **589,573,004** | **659,100,000** | **653,388,134** | **110.8** | **99.1** |
| **Патни трошоци и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,713,657 | 4,000,000 | 3,295,027 | 192.3 | 82.4 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 4,421,831 | 4,500,000 | 3,793,457 | 85.8 | 84.3 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 7,211 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 2,082,217 | 2,500,000 | 1,021,250 | 49.0 | 40.9 |
| Сопствено возило за службени потреби | 192,160 | 150,000 | 169,208 | 88.1 | 112.8 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 145,463 | 250,000 | 224,016 | 154.0 | 89.6 |
| **Вкупно 2** | **8,562,539** | **11,500,000** | **8,502,958** | **99.3** | **73.9** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз и останати транспортни услуги | 18,156 | 250,000 | 12,028 | 0.0 | 4.8 |
| **Вкупно 3** | **18,156** | **250,000** | **12,028** | **0.0** | **4.8** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **8,580,695** | **11,750,000** | **8,514,986** | **99.2** | **72.5** |

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2024г.** | **Финансиски план 2025г** | **Остварување во 2025г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 466,888 | 1,400,000 | 296,532 | 63.5 | 21.2 |
| Технички материјал | 1,043,745 | 1,400,000 | 436,709 | 41.8 | 31.2 |
| Сценографски материјали, реквизита и слично | 0 | 550,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 91,054 | 300,000 | 130,337 | 143.1 | 43.4 |
| **Вкупно 4** | **1,601,687** | **3,750,000** | **863,578** | **53.9** | **23.0** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,163,128 | 1,000,000 | 529,284 | 45.5 | 52.9 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 37,326 | 250,000 | 31,564 | 84.6 | 12.6 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **1,200,454** | **1,500,000** | **560,848** | **46.7** | **37.4** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 24,694,993 | 29,000,000 | 21,322,039 | 86.3 | 73.5 |
| Трошоци за топлотна енергија | 16,352,059 | 16,000,000 | 14,890,418 | 91.1 | 93.1 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 1,981,607 | 2,500,000 | 2,374,304 | 119.8 | 95.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно 6** | **43,028,659** | **47,500,000** | **38,586,761** | **89.7** | **81.2** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1,073,860 | 1,500,000 | 746,867 | 69.5 | 49.8 |
| **Вкупно 7** | **1,073,860** | **1,500,000** | **746,867** | **69.5** | **49.8** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни | 453,215 | 600,000 | 442,091 | 97.5 | 73.7 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 2,329,821 | 2,400,000 | 2,329,688 | 100.0 | 97.1 |
| Трошоци за интернет | 822,009 | 1,000,000 | 813,120 | 98.9 | 81.3 |
| Поштарина | 130,424 | 180,000 | 85,325 | 65.4 | 47.4 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 6,637,475 | 3,500,000 | 4,662,510 | 70.2 | 133.2 |
| **Вкупно 8** | **10,372,944** | **7,680,000** | **8,332,734** | **80.3** | **108.5** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на имот | 4,878,272 | 5,200,000 | 5,163,916 | 105.9 | 99.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 5,303,076 | 5,200,000 | 4,615,202 | 87.0 | 88.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 1,170,972 | 3,300,000 | 1,085,842 | 92.7 | 32.9 |
| Одржување на возила | 346,774 | 2,500,000 | 355,061 | 102.4 | 14.2 |
| Одржување на алат, ситен инвентар, ГПС уреди | 45,793 | 150,000 | 61,578 | 134.5 | 41.1 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 1,000,346 | 1,000,000 | 997,651 | 99.7 | 99.8 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 4,397,307 | 4,400,000 | 4,939,846 | 112.3 | 112.3 |
| **Вкупно 9** | **17,142,540** | **21,750,000** | **17,219,096** | **100.4** | **79.2** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,284 | 30,000 | 1,232 | 96.0 | 4.1 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 257,064 | 500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 829,654 | 1,000,000 | 831,983 | 100.3 | 83.2 |
| Трошоци за вода | 4,729,825 | 5,000,000 | 5,314,516 | 112.4 | 106.3 |
| **Вкупно 10** | **5,817,827** | **6,530,000** | **6,147,731** | **105.7** | **94.1** |

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2024г.** | **Финансиски план 2025г** | **Остварување во 2025г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши, визи и слично | 10,413 | 100,000 | 70,622 | 0.0 | 70.6 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 187,244 | 600,000 | 203,304 | 108.6 | 33.9 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 136,508 | 400,000 | 201,000 | 147.2 | 50.3 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 4,846 | 50,000 | 4,320 | 0.0 | 8.6 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 165,898 | 350,000 | 134,247 | 80.9 | 38.4 |
| Трошоци за фотокопирање | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **504,909** | **1,550,000** | **613,493** | **121.5** | **39.6** |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 32,474,199 | 32,550,000 | 32,471,400 | 100.0 | 99.8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно 12** | **32,474,199** | **32,550,000** | **32,471,400** | **100.0** | **99.8** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства, отпис на побарувања од купувачите, отпис на побарувања од РДТ | 0 | 200,000 | 743,769 | 0.0 | 371.9 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **743,769** | **0.0** | **371.9** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 1,134,545 | 900,000 | 1,135,444 | 100.1 | 126.2 |
| **Вкупно 14** | **1,134,545** | **1,050,000** | **1,135,444** | **100.1** | **108.1** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,295,880 | 2,500,000 | 1,698,061 | 131.0 | 67.9 |
| **Вкупно 15** | **1,295,880** | **2,500,000** | **1,698,061** | **131.0** | **67.9** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 532,203 | 640,000 | 554,477 | 104.2 | 86.6 |
| **Вкупно 16** | **542,203** | **650,000** | **554,477** | **102.3** | **85.3** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање,мерење, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа и сл. | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 56,200 | 150,000 | 41,687 | 74.2 | 27.8 |
| **Вкупно 17** | **56,200** | **450,000** | **41,687** | **74.2** | **9.3** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и Надзорен одбор и Програмски совет*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 8,859,831 | 10,000,000 | 9,389,386 | 106.0 | 93.9 |
| **Вкупно 18** | **8,859,831** | **10,000,000** | **9,389,386** | **106.0** | **93.9** |
| ***19)Даноци,судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 4,303,940 | 7,000,000 | 7,014,470 | 163.0 | 100.2 |
| Судски трошоци и административни такси | 230,894 | 200,000 | 156,861 | 67.9 | 78.4 |
| **Вкупно 19** | **4,534,834** | **7,200,000** | **7,171,331** | **158.1** | **99.6** |

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2024г.** | **Финансиски план 2025г** | **Остварување во 2025г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 45,635 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **45,635** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 8,345,646 | 1,400,000 | 1,479,767 | 17.7 | 105.7 |
| **Вкупно 21** | **8,345,646** | **1,400,000** | **1,479,767** | **17.7** | **105.7** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 8,853,546 | 5,500,000 | 6,024,207 | 68.0 | 109.5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно 22** | **8,853,546** | **5,500,000** | **6,024,207** | **68.0** | **109.5** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 2,675,765 | 3,000,000 | 3,241,634 | 121.1 | 108.1 |
| **Вкупно 23** | **2,675,765** | **3,000,000** | **3,241,634** | 121.1 | 108.1 |
| ***24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | 607,823 | 880,000 | 687,922 | 113.2 | 78.2 |
| **Вкупно 24** | **607,823** | **880,000** | **687,922** | 113.2 | 78.2 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **150,168,987** | **157,240,000** | **137,710,193** | **91.7** | **87.6** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 29,263,283 | 65,400,000 | 65,442,038 | 223.6 | 100.1 |
| Останати програмски права | 113,866,950 | 24,826,000 | 24,887,057 | 21.9 | 100.2 |
| Надомест за фестивали | 498,909 | 600,000 | 500,532 | 100.3 | 83.4 |
| Права за спортски настани | 86,972,828 | 52,500,000 | 45,110,604 | 51.9 | 85.9 |
| Копродукциски проекти | 214,563,637 | 260,400,000 | 250,399,352 | 116.7 | 96.2 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **445,165,607** | **403,726,000** | **386,339,583** | **86.8** | **95.7** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 1,101,522 | 400,000 | 179,843 | 16.3 | 45.0 |
| Останати наемнини - ангажирање/наем на економски оператори за реализација на настан - Асамблеа/Собрание на ЕБУ | 0 | 4,750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 26** | **1,101,522** | **5,150,000** | **179,843** | **16.3** | **3.5** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 523,826 | 350,000 | 401,879 | 76.7 | 114.8 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 817,740 | 1,000,000 | 835,440 | 102.2 | 83.5 |
| Услуги за вештачење | 76,700 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 6,398,650 | 1,150,000 | 1,185,551 | 18.5 | 103.1 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти,елаборати и сл.) | 9,355 | 100,000 | 3,068 | 32.8 | 3.1 |
| Агенциски услуги во земјата-информативни | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 25,137,887 | 31,000,000 | 30,958,014 | 123.2 | 99.9 |
| Трошоци за проект Евровизија | 1,701,465 | 2,000,000 | 1,644,382 | 96.6 | 82.2 |
| Трошоци за судски извршители | 5,469 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за обезбедување простор за сателитски сегмент | 41,789 | 50,000 | 31,343 | 75.0 | 62.7 |
| **Вкупно 27** | **34,712,881** | **36,050,000** | **35,059,677** | **101.0** | **97.3** |
| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2024г.** | **Финансиски план 2025г** | **Остварување во 2025г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 15,642,275 | 17,500,000 | 15,106,443 | 96.6 | 86.3 |
| Котизации и акредитации | 129,273 | 300,000 | 30,000 | 23.2 | 10.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 18,028,684 | 18,000,000 | 4,896,399 | 27.2 | 27.2 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 3,413,887 | 5,900,000 | 5,872,891 | 172.0 | 99.5 |
| **Вкупно 28** | **37,214,119** | **41,700,000** | **25,905,733** | **69.6** | **62.1** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 7,500 | 20,000 | 3,000 | 40.0 | 15.0 |
| **Вкупно 29** | **7,500** | **20,000** | **3,000** | **40.0** | **15.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **73,036,022** | **82,920,000** | **61,148,253** | **83.7** | **73.7** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,266,524,315** | **1,314,736,000** | **1,247,101,149** | **98.5** | **94.9** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема | 22,057,287 | 17,128,000 | 1,912,225 | 8.7 | 11.2 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **22,057,287** | **17,128,000** | **1,912,225** | **8.7** | **11.2** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,288,581,602** | **1,331,864,000** | **1,249,013,374** | **96.9** | **93.8** |

# 9 ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ЗА 2025 ГОДИНА

Во анализираната 2025 година Македонската радио телевизија оствари вкупен приход по сите основи во износ од 1.214.148.307 денари. Во истата календарска година остварени се расходи во износ од 1.247.101.149 денари. Оттука произлегува дека своето работење во 2025 година МРТ го заврши со негативен финансиски резултат кој изнесува 32.952.842 денари. Имено, во последниот квартал од 2025 година, а врз основ на Ребаланс на Буџетот на РСМ за 2025 година, беа скратени средствата за финансирање на радиодифузна дејност од кои намалувањето за МРТ изнесуваше 80.000.000 денари што пак, имаше директно влијание на остварениот финансиски резултат но и воопшто на целокупното финансиско работење.

Во овој контекст, мошне значајно е повторно да се укаже на фактот дека основа за непречено редовно работење на МРТ како јавен сервис и исполнување на нејзината основна дејност - производство и емитување на програма е почитување на Законот за ААВМУ од страна на надлежните институции и финансирање согласно законските одредби бидејќи, работењето во услови за едно стабилно финансирање на МРТ во иднина ќе овозможи непречена реализација на планираните краткорочни и долгорочни активности односно, ќе создаде можност тековно, годишно да се реализираат поголем дел од подолго планираните активности во врска со набавка, производство и емитување на програма како и набавка на нова опрема и реконструкција и одржување на постоечката.

## 9.1 ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО 2025 ГОДИНА

| **ОПИС** | **Остварување во 2024г.** | | **Финансиски план 2025г** | | **Остварување во 2025г.** | | **индекс** | **индекс** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **износ** | **стр.** | **износ** | **стр.** | **износ** | **стр.** | **6/2*100** | **6/4*100** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **1,365,545,877** | **100.0** | **1,331,864,000** | **100.0** | **1,214,148,307** | **100.0** | **88.9** | **91.2** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **1,266,524,315** | **92.7** | **1,314,736,000** | **98.7** | **1,247,101,149** | **102.7** | **98.5** | **94.9** |
| Трошоци за вработени | 589,573,004 | 43.2 | 659,100,000 | 49.5 | 653,388,134 | 53.8 | 110.8 | 99.1 |
| Патни и транспортни трошоци | 8,580,695 | 0.6 | 11,750,000 | 0.9 | 8,514,986 | 0.7 | 99.2 | 72.5 |
| Заеднички трошоци | 150,168,987 | 11.0 | 157,240,000 | 11.8 | 137,710,193 | 11.3 | 91.7 | 87.6 |
| Програмски права | 445,165,607 | 32.6 | 403,726,000 | 30.3 | 386,339,583 | 31.8 | 86.8 | 95.7 |
| Останати трошоци од работење | 73,036,022 | 5.3 | 82,920,000 | 6.2 | 61,148,253 | 5.0 | 83.7 | 73.7 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ** | **99,021,562** | | | | **-32,952,842** | | | |
| Непризнати расходи согласно Закон за добивка | 13,055,859 | | | | | | | |
| Даночна основа | 112,077,421 | | | | | | | |
| Данок на добивка | 11,207,742 | | | | | | | |
| Добивка по оданочување | **87,813,820** | | | | | | | |

# 10 СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ

**Состојбата на расположливи финансиски средства во денари на жиро сметките на ЈРП МРТ на 31.12.2025 година изнесува:**

- Комерцијална банка 192.852,00 ден.
- Халк банка 2.018.423,00 ден.
- Стопанска банка 83.617,00 ден.
- Тутунска банка 759.042,00 ден.
- Шпаркасе банка 41.012,00 ден.
- Алфа бакна (Силк роад) 26.557,00 ден.
- Прокредит банка 119.822,00 ден.

**Вкупно на сметки 3.241.325,00 ден.**

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2025 година изнесува:**

- Комерцијална банка 3.412 АУД
  168 ДКК
- Прокредит банка 4.008 ЕУР
- Стопанска банка 121 УСД

## 11 СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2025 ГОДИНА

***РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2025 ГОДИНА***

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.12.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,044,752,299 | 2,040,354,381 | 99.8 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 44,275,442 | 36,569,385 | 82.6 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,070,466,945 | -2,065,569,859 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **18,560,796** | **11,353,907** | **61.2** |

### 11.1 Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.12.2025 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,020,285,659 | 2,017,455,814 | 99.9 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,466,640 | 22,898,567 | 93.6 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,033,549,054 | -2,030,197,647 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **11,203,245** | **10,156,734** | **90.7** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2025 година изнесуваат вкупно 10.156.734 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.12.2025 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,011,809,452 | 2,008,524,281 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 4,936,076 | 5,592,306 | 113.3 |
| - закуп на основни средства | 111,843 | 108,074 | 96.6 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,закуп и сл.) | 3,021,334 | 2,824,199 | 93.5 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 24,466,640 | 22,898,567 | 93.6 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,033,549,054 | -2,030,197,647 | 99.8 |
| **Вкупно:** | **11,203,245** | **10,156,734** | **90.7** |

## 11.2 Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2025 година изнесуваат вкупно 1.197.173 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2024 | Состојба на 31.12.2025 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 33,268,528 | 31,718,541 | 95.3 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 540,073 | 100.0 |
| - технички услуги | 3,021,048 | 3,021,049 | 100.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 6,951,309 | 788,263 | 11.3 |
| - фестивали во странство | 143,195 | 145,383 | 101.5 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 313,243 | 318,030 | 101.5 |
| - останати побарувања од странство | 21,260 | 21,260 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -36,917,891 | -35,372,212 | 95.8 |
| **Вкупно:** | **7,357,551** | **1,197,173** | **16.3** |

## 12 РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ

| ОПИС | состојба на 31.12.2024 год. | состојба на 31.12.2025 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **479,517,314** | **422,856,678** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 187,518,255 | 230,834,840 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 74,181,869 | 73,134,061 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 1,307 | 423,602 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 23,309,342 | 18,555,100 |
| Обврски спрема вработените | 36,453,537 | 36,831,743 |
| Обврски за авторски договори | 0 | 0 |
| Краткорочни обврски кон МФ (обврска кон Лондонски и Париски клуб на доверители создадена во 1984 година) | 143,163,078 | 47,198,448 |
| Останати краткорочни обврски | 891,956 | 1,881,914 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 13,996,970 |
| Резервирања по основ на судски спорови (камата и главен долг, ММИ, УЈП) | 1,000 | 0 |
| **Долгорочни обврски** | **109,822,285** | **266,029,713** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 0 | 0 |
| Долгорочни обврски кон МФ (обврска кон Лондонски и Париски клуб на доверители создадена во 1984 година) | 0 | 169,127,708 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 109,822,285 | 96,902,005 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **589,339,599** | **688,886,391** |

Вкупните обврски на 31.12.2025 година изнесуваат 688.886.391 денар.

Скопје, Март 2026 година

Директор на МРТ

________________________

Марјан Цветковски